# МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

Публикација на Сојузот на синдикатите на Македонија
Излегува еднаш месечно
Број 20 Август 2013 година

## ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА ССМ ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД 2013 ГОДИНА




**На прес конференцијата беа изнесени детални податоци за бројот и видовите на правните интервенции на Сојузот на синдикатите на Македонија пружени на членовите**

На 20 август Сојузот на синдикатите на Македонија одржа прес конференција, на тема "Информирање за пружената правна заштита од страна на ССМ". На конференцијата учествуваа повеќе претседатели на синдикатите здружени во ССМ.

Претседателот д-р Живко Митревски на новинарите им ги презентираше податоците за бројот, видовите, резултатите од застапувањата и другите карактеристики на правните интервенции.

Сојузот на синдикатите на Македонија е лидер во остварувањето и обезбедувањето бесплатна правна заштита на работниците. Правната заштита е област каде најдиректно се чувствуваат бенефитите од членувањето во Сојузот на синдикатите, истакна Митревски.

Согласно своите статутарни определби ССМ обезбедува бесплатна правна заштита на работничките права за своето членство. Синдикалното членство во ССМ, најдиректно и најнепосредно обезбедува заштита на своите права од работен однос, пред се преку активностите на Одделението за работни односи, правна заштита и колективно договарање при ССМ и соодветните синдикати каде работниците членуваат.

Активностите за заштита на работничките права ги преземаат овластените правни застапници и синдикалните преставници во 10 Регионални синдикални преставништва (Скопје, Битола, Велес, Делчево, Кавадарци, Куманово, Охрид, Прилеп, Тетово, Штип ) како и во Синдикалните канцеларии (во Ресен, Свети Николе, Берово, Виница , Кочани, Гевгелија, Неготино, Крива Паланка, Дебар, Струга, Македонски Брод , Гостивар, Кичево, Струмица , Пробиштип, Радовиш.

Во периодот јануари-јуни 2013 година во Сојузот на синдикатите на Македонија се евидентирани 2293 обраќања, по разни правни основи, за заштита на правата од работен однос на работниците.

Во насока на превентивно решавање на проблемите преземени се следните дејствија:

- решени 55 случаи по пат на спогодба
- за 1069 обраќања се дадени правни , стручни совети за начинот и постапка за остварување на работничките права
- изготвени се 515 барања и 151 приговор до надлежни органи во претпријатијата или други институции во државата
- изготвени се 24 обраќања до Државниот инспекторат за труд

За случаите каде не е постигната согласност за договорно решавање на проблемите водени се судски постапки, па така:

- поднесени се 82 тужбени барања
- водени се 335 расправи , а добиени се 316 пресуди .

Како и досега најголем број обраќања се по основ на:

- неисплатени плати – 526 обраќања
- надомест за храна – 227
- надомест за превоз-221
- регрес за годишен одмор – 70
- неуплатени придонеси за ПИО – 553 обраќања
- неуплатени придонеси за здравствено осигурување – 217 обраќања
- отказ од деловни причини – 554,
- променети договори за вработување -85
- синдикални права – 119
- засновање на работен однос – 10
- прекувремена работа – 91
- отказ од лични причини – 40
- отказ од деловни причини -554
- принуден одмор -23
- стечај -79 обраќања

ССМ обезбедува бесплатна правна заштита за своето членство и при тоа работниците немаат никакви финансиски трошоци и издатоци.

Грубо пресметано со преземените правни дејствија, ССМ остварил заштеда за работниците од над 7.500.000,00 денари.

Во насока на подобрување и унапредување на бесплатна правна заштита на работничките права ССМ во наредниот период ќе се залага за:

- Формирање на посебни судови за работни спорови
- Намалување на судските такси , односно намалување или целосно исклучување на трошоците на судската постапка за работни спорови
- Имплементирање на Законот за мирно решавање на работните спорови
- Профункционирање на Закон за заштита од вознемирување на работно место
- Активно следење на сите измени или донесувањето на нови закони од работно- правната област
- Доследна примена на сите ратификувани конвенции, препораките и директиви
- Почитување на работничките права уредени со КД на сите нивоа
- Едукација на синдикалното членство во насока на препознавање на работничките права и нивно доследно почитување, остварување и заштита,
- Остварување на поконкретна соработка и заеднички активности со Државниот инспекторат за труд, Народниот правобранител и други релевантни институции во државата.

# СРЕДБА СО МЕЃУНАРОДНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТРУДОТ ОКОЛУ ПОДОБРУВАЊЕТО НА БИЗНИС КЛИМАТА ВО МАКЕДОНИЈА

Подобрувањето на бизнис климата носи големи бенефити за работодавачите, Владата, синдикатите и воопшто за населението во целата држава. Уредните односи во работните средини се фактор за привлекување странски инвестици, отворање нови работни места и раст на стандардот.

Ова меѓу другото беше кажано на 5 септември на средбата на претседателот на ССМ д-р Живко Митревски со претставниците на Меѓународната организација на трудот, координаторот за Република Македонија Емил Крстаноски и Драган Радиќ, виш специјалист за активности на работодавачите од Канцеларијата за Централна и Источна Европа на МОТ во Будимпешта.

Тема на средбата беше можните полињата на соработка со ССМ околу уредувањето на бројните прашања околу подобрувањето на бизнис климата и деловниот амбиент во Република Македонија.



***Д-р Живко Митревски, Драган Радиќ и Емил Крстаноски: ССМ ги прифаќа сите иницијативи кои значат напредок во економската положба на работниците***

Претседателот Митревски во куси црти објасни дека ССМ има одлична соработка со социјалните партнери, што е исклучок во регионот. Владата, работодавачите и синдикатите своите односи ги градат врз основа на взаемен респект и доверба, што придонесе Република Македонија да се разликува од сите земји во регионот, каде се случуваат сериозни социјални превирања. Една од придобивките на прогресот на социјалниот дијалог е и колективното преговарање и договарање, за разлика од практичното суспендирање на колективното договарање во некои околни земји. ССМ учествува во креирањето на законите од областа на работните односи, во националните совети за евроинтеграција, за безбедност и здравје и во многу други области. Секако дека ССМ ги прифаќа сите иницијативи кои ќе значат напредок на економската положба на работниците, рече Митревски. Претставниците на МОТ информираа за истражувањето во 170 компании од мал, среден и голем обем во Република Македонија. Целта на истражувањето е да се соознаат најголемите проблеми и да се подготви платформа за лобирање, каде улога би добил и Синдикатот. Детектираните проблеми се: регулаторната рамка и честото менување на прописите; достапноста до финансирањето, ангажманите на банките и високите камати; судскиот систем со бавните и скапи постапки;

илегалната конкуренција и, како петти фактор, недостатокот на претприемичка култура. Општа појава во околните земји е што младите не се воспитуваат во претприемички дух, туку обратно, се насочуваат да влезат во јавните служби.
Резултатите се основа за добивање на одговори за солуциите на идното дејствување, објаснија од МОТ, покрај направената компаративна анализа спроведена во Хрватска, Словенија, Србија, Ирска и Бугарија, која може да ја дополни сликата и за Македонија. Инаку и Дирекцијата на МОТ во Женева има утврдено 17 столбови за подобрување на бизнис климата.
На состанокот двете страни се согласија дека постои плодно поле на соработка на Синдикатот и МОТ околу подобрувањето на општата бизнис клима во Република Македонија.

## РАТИФИКУВАНИ УШТЕ ТРИ КОНВЕНЦИИ НА МОТ

Со ратификувањето на уште три конвенции на МОТ се исполни уште една крупна победа во збогатувањето на работното законодавство со меѓународните стандарди. Усвојувањето на документите е резултат на големата активност на Сојузот на синдикатите на Македонија, која во основа ке придонесе за зајакнување на меѓународните стандарди на трудот и во нашето работно законодавство.

Ратификувани се три темелни конвенции: Конвенцијата за трудова администрација, 1978 (бр.150), Конвенцијата за колективно договарање, 1981 (бр.154) и Конвенцијата за работни односи во јавните служби, 1978 (бр.151) што претставува верификација на заложбите на ССМ и активностите на кој ССМ беше посветен во изминатиот период.

Ратификацијата на Конвенцијата за трудова администрација, 1978 (бр.150) утврдува дека секоја земја што ќе ја ратификува оваа конвенција во согласност со националните услови и во рамките на системот за трудова администрација, осигурува консултации, соработка и преговори меѓу јавните органи и најрепрезентативните организации на работодавачи и работници.

Ратификацијата на Конвенцијата за колективно договарање, 1981 (бр.154) утврдува дека одредбите на оваа конвенција се применуваат преку законите и други прописи, а исто така се превземаат и мерки за промовирање на колективното договарање во согласност со националните услови. Колективното договарање се проширува на сите преговори што се одвиваат меѓу работодавачот, група работодавачи или една или повеќе организации на работодавачи од едната страна и една или повеќе организации на вработени од другата страна

Ратификацијата на Конвенцијата за работни односи во јавните служби, 1978 (бр.151) утврдува дека оваа Конвенција се применува на сите лица што се вработени од јавните органи, доколку на нив не се применливи поповолните одредби од другите меѓународни Конвенции за труд.

Сојузот на синдикатите на Македонија заедно со другите социјални партнери во октомври 2012 година ја започна оваа активност со поднесување на Иницијатива за ратификување на Конвенциите:

- Конвенција за колективно договарање, бр. 154 од 1981 година;
- Конвенција за работните односи (јавна служба) бр. 151, од 1978 година и Препорака за работните односи (јавна служба) бр. 159, и
- Конвенција за администрација на труд, бр. 150 од 1978 година.

## ОДБЕЛАЖАН МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА МЛАДИТЕ

### СЕДНИЦА НА СЕКЦИЈАТА НА МЛАДИ

По повод Меѓународниот ден на младите, 12 Август, Извршниот одбор на Секцијата на млади при Сојузот на синдикати на Македонија одржа работен состанок.

На овој состанок се разговараше за прашања кои се од особено значење за положбата на младите луѓе во различни сегменти од општествениот и економскиот живот, постојано едуцирање, нивно јакнење, поголемо влијание и учество во промените кои значат социјална инклузија и интеграција на општеството.

За таа цел секцијата на млади при ССМ својата активност ќе ја насочи во правец на намалување и елиминирање на пречките кои го кочат остварувањето на правата на младите при вработувањето и од работен однос, како дел од вкупните човекови права, со што ќе се влијае врз свеста, моралната цврстина и чувство на самодоверба на младите, нивната важност и вредност во вкупниот општествен живот.

### СООПШТЕНИЕ ОД ССМ

ССМ и Секцијата на млади ги подржуваат сите активности во државата насочени кон остварување и подобрување на социјалната и материјалната состојба на младите и остварување на нивната функција во општеството.
ССМ и СМ во континуитет е фокусирана во спроведување на Националниот акциски план за вработување на млади 2015 година.
Сојузот на синдикатите на Македонија превзема конкретни активности и мерки преку започнување на информативни предавања, кампањи и обуки за запознавање на младите лица со нивните права од работен однос и нивно остварување.
ССМ и СМ се е залагаат за размена на мислења и информации и постигнување на согласност околу важни економско-социјални прашања од делокругот на локалната самоуправа и особено прашањето за подобрување на вештините за вработување на младите.
ССМ и СМ ја користи можноста и на овој ден да ги охрабри сите млади лица кои не се вклучени во синдикалното движење активно да се вклучат и зачленат во истото и преку синдикатите здружени во ССМ активно да учествуваат во остварувањето на синдикалните права и слободи.
ССМ се вклучува во процесите кои овозможуваат активна партиципација на младите луѓе во сите сфери на општеството и ги поддржуваат активностите поврзани со положбата на младите луѓе на меѓународен план и нивна интеграција.

# ОБУКА НА ЛИЦА ЗА АНТИМОБИНГ ЗАШТИТА

Потребно е дефинирање на некои содржини од законот, организирање обуки и вметнување одредби во колективните договори, беше кажано на "Обуката на лица задолжени за примена на Законот за заштита од вознемирување на работното место", што се одржа на 3 септември во ССМ.



*Средба на организаторите пред одржувањето на обуката*

На заедничката обука, што ја организираа Здружението на правници на Македонија, Сојузот на синдикатите на Македонија и Организацијата на работодавачи, присуствуваа голем број правници кои ја следат и оперираат со оваа материја.

Модераторот д-р Даница Миладинова истакна дека постои потреба од обука за Законот за заштита од вознемирување на работното место. Сметавме дека ССМ, како иницијатор за донесување на законот, треба да биде коорганизатор на обуката. Инаку заклучоци од претходното советување за законот, што се одржа на 25 јуни, се дека материјата за мобинг треба да најде место во колективните договори, нагласи Миладинова.

Претседателот на Организацијата на работодавачи Ангел Димитров предупреди дека законот по обем е мал, но е многу значаен. Иако можеби изгледа нелогично, како работодавачи го поддржавме донесувањето на законот, затоа што сметаме дека нерегулираната материја може да доведе до негативни последици во работните средини. Имено, подобро е односите да се уредат, отколку да се остави простор за разни злоупотреби.

Според Димитров најголем проблем е дефинирањето на мобингот и опфаќањето на сите случаи. Мобингот е широка категорија и законот не може да ги покрие сите појавни облици. Исто така треба да се работи на утврдување на начинот на информирање на работниците и конечно да се најде форма законот реално да се имплементира.

Добро е што социјалните партнери го делеа истиот став и што резултат на соработката е донесувањето на посебен закон. Нормалната деловна клима и здравите индустриски односи се важни и од аспект на привлекување на странски инвестиции, нагласи претседателот на ССМ д-р Живко Митревски. Инаку се уште има голем број дилеми и прашања кои треба да се дефинираат. ССМ смета дека колективните договори се добар инструмент за допрецизирање и проширување на доста одредби околу мобингот.




*Д-р Живко Митревски рече дека здравите односи во работните средини се услов за привлекување странски инвестиции*

Не смееме да дозволиме законот за остане само на хартија, предупреди претседателот Митревски. Факт е дека мобнгот е раширена појава во работните средини во Македонија и треба да сториме се за практично заживување на законот.

М-р Маја Ристова, правник во Експертскиот тим во Канцеларијата за заштита и едукација на жртвите на мобинг при ССМ, зборуваше за разните аспекти и за последиците по здравјето поради изложеноста на психички притисоци. За ефикасна заштита се битни два елементи: повторувањето и траењето на притисоците. Отворено е прашањето за изборот на посредници, како и за критериумите за нивниот избор и за нивните карактеристики.

Советникот во Министерството за труд и социјална политика Стојан Трајанов, кој од неодамна е во пензија, нагласи дека по обем законот е мал, но опфаќа доста сложени појави. Меѓу другото значаен е и поради тоа што навлегува во интегритетот на самата личност.




*Претседателот на ОРМ Ангел Димитров: законот по обем е мал, но опфаќа сложена и широка материја*




*М-р Маја Ристова истакна дека е многу битно прашањето за избор на посредниците*




*Стојан Трајанов од МТСП – главната цел е превентивното дејствување, со цел избегнување на судските постапки*

Трајанов додаде дека најголем дел од законот е насочен за заштита, но примарната цел е превентивно да се дејствува, со цел да не доаѓа до судски постапки, кои после го нарушуваат деловниот углед на работодавачите.

Теофил Томановиќ, судија во пензија, зборуваше за конкретни недостатоци во законот, меѓу кои проблемот на опфатноста на вработените, споменувањето во законот на лица ангажирани со договор на дело, прашањето за сведоци за вршење мобинг, видовите тужби, прашањето на предупредување. На тоа се надоврза модераторот Даница Миладинова, која информираше дека Здружението на правници до Министерството за труд ќе достави предлози за изменување и дополнување на законот.




*Сандра Липша и Ана Ристовска од АД "Телеком", модераторот д-р Даница Миладинова и судијата Теофил Томановиќ*



*Слушателите на Обуката - 60 лица добија сертификати за лица задолжени за примена на законот*

За практичните искуства од областа мобинг зборуваа Ана Ристовска и Сандра Липша, претставници на "Македонски Телеком".

На крајот на обуката организаторите на обуката, Здружението на правници, ССМ и ОРМ, на 60 учесници им доделија сертификати за учество на Обуката на лица задолжени за примена на Законот за заштита од вознемирување на работното место.

# РАБОТНО ЛЕТО ВО ССМ

## СРЕДБА ВО АД ТЕТЕКС - ТЕТОВО



*На средбата се разговараше и за Предлог - мерките за справување со последиците од светската финансиска и економска криза*

Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски, со Секретарот на ССМ, Анѓелко Анѓелковски, истовремено и Претседател на Синдикатот на работниците од текстилната, кожарската и чевларката индустрија на РМ, во присуство на Претседателот на синдикалната организација на АД Тетекс Тетово, Љупчо Радевски и Потпретседателот за организациски развој на ССМ и воедно Претседател на ССЕСМ, Роберт Симоноски, на 6 август одржаа работна средба со Генералниот Директор на АД Тетекс Тетово, Глигорие Гоговски.

На работната средба и посета беше разговарано за состојбите во текстилната индустрија во РМ, за активностите на ССМ и предлог мерките за справување со светската економска, финансиска и должничка криза, како и за активностите и преговорите за Колективниот Договор зо приватниот сектор од областа на стопанството.

Од страна на Претседателот на ССМ беа презентирани конкретните активности што ги преземаше ССМ на повеќе полиња, особено околу подобрување на законската регулатива околу активностите што беа преземени од страна на ССМ за поттикнување на процесот на колективното преговарање и договарање и за развојот на социјалниот дијалог.

Од страна на Генералниот Директор г. Гоговски, беше презентирана актуелната состојба на АД Тетекс Тетово, превземените чекори околу максимално обезбедување на производството, активностите околу реализација на производствените планови, спроведувањето на Колективниот Договор во претпријатието и заедничките активности со матичниот синдикат.

На крајот од средбата беше констатирано дека заедничките активности и соработката меѓу социјалните партнери, како на државно, така и на ниво на претпријатие, се еден од клучните фактори во обезбедување на нормална производна атмосфера и создавање за услови за натамошен развој. Заеднички беше констатирана долгогодишната соработка меѓу менаџментот и синдикатот во претпријатието и вклученоста на синдикатот во спроведување на Колективниот договор, во процесот на наградувањето, безбедноста и здравјето при работа и други теми.

## ПРОДОЛЖИЈА СРЕДБИТЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ССМ СО ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА ГРАНСКИТЕ СИНДИКАТИ ВО СИНДИКАЛНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Во рамките на агендата утврдена околу спроведување на мерките за БЗР, но и во врска со активностите на ССМ и синдикатите, во контекст на консултации за ОКД за приватниот сектор од областа на стопанството, Претседателот на ССМ, Д-р Живко Митревски и Претседателот на АГРО синдикатот, Живко Даневски, во петокот, на ден 9 август 2013 година, одржаа работна средба во АД ЗК Пелагонија - Битола.



***Модерен комбајн на "Пелагонија" во екот на жетвата на плодните полиња на најраспространетата македонска котлина. Земјоделскиот комбинат од Битола е еден од најкрупните производни системи во македонскиот аграр.***

На работната средба од страна на претставниците на менаџментот беа презентирани активностите и преземените мерки од страна на работодавачот во поглед на спроведување на мерките за БЗР во контекст на остварување на жетвата во овој земјоделски гигант и за активностите на синдикалните организации на тој план. Беа презентирани производствените планови и остварениот успех за предвремено завршување на жетвените активности во земјоделскиот комбинат.

На заедничката средба беа потврдени традиционалните добри односи на релација синдикат – менаџмент и покрај промената на сопственичката структура на комбинатот, што претставува и потврда на континуитетот и традицијата на синдикалното организирање и остварување на социјалниот дијалог во овој комбинат.

Од страна на претставникот на ССМ беа образложени и активностите околу измените и дополнувањата на ОКД за приватниот сектор од областа на стопанството, при што е потенцирано значењето на потребата од континуитетот во остварувањето на работничките права и усогласување на текстовите со новата законска регулатива.

На крајот на средбата, претставниците од ССМ и од АГРО синдикатот беа запознаени и со новините и воведувањето на новите технологии во остварувањето на производствениот процес.

## ПОСЕТА НА "11 ОКТОМВРИ" - ПРИЛЕП



На 23 август претседателот на Сојузот на синдикати на Македонија, д-р Живко Митревски, Претседателот на СИЕР, Пеце Ристески во придружба на Секретарот на Регионалното синдикално претставништво на ССМ во Прилеп, Лазар Ангелески реализираа работна посета во "11 Октомври - ЕУРОКОМПОЗИТ" АД Прилеп.

На работната средба за состојбите во овој субјект информираше директорот Никола Лучевски, а за состојбите во Синдикалната организација, Претседателот на СО, Бранко Чатлевски.

Претставниците од Синдикатот беа информирани за постапката околу објавениот тендер за продажба на ова претпријатие како едно од претпријатијата загубари и за интересот на партнерот во однос на тендерската документација.

Исто така, беше разговарано за состојбата со платите, остварувањето на здравствена и пензиска заштита и за најавениот процес на доброволно заминување на поголем број на работници.

На средбата беше заклучено дека сите овие процеси треба паралелно да се разгледаат од социјалните партнери на ниво на претпријатие, но и на повисоко ниво, се со цел ССМ, СИЕР и СО да бидат комплетно информирани за состојбите околу ова претпријатие.

# ПОСТИГНАТ ДОГОВОР ЗА ОСНОВАЊЕ ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКО – СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ ВО РЕСЕН

Министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија д-р Живко Митревски и градоначалникот на Општина Ресен м-р Ѓоко Стрезовски на 1 септември постигнаа договор за основање локален економско – социјален совет (ЛЕСС) на Општина Ресен.




***Потписниците на договорот пред Локалната самоуправа***

Како што беше истакнато на состанокот, преку ЛЕСС се воспоставува демократски и социјален дијалог кој придонесува за надминување на предизвиците и водење економско-социјалната политика во општината. Целите на ЛЕСС се унапредување на животниот стандард на граѓаните во општините преку подобрување на деловното опкружување во локалната заедница, развој на претприемништвото и на социјалната политика, носење стратегии и акциски планови за развој на пазарот на трудот, како и зголемување на можностите за вработување на младите и други области.

Социјалниот дијалог на локално ниво треба да ги вклучи сите видови преговарање, договарање и размена на информации меѓу претставниците на локалната власт и социјалните партнери, синдикатите и организациите на работодавачите за прашања од заеднички интерес.



***Градоначалникот м-р Ѓоко Стрезовски, министерот Диме Спасов и претседателот на ССМ д-р Живко Митревски на заедничкиот договор***

Преку реализација на ваквиот договор и потпишувањето на Спогодбата, која очекуваме наскоро да се склучи, ќе реализираме низа значајни активности во Општина Ресен, пред се во делот на она што посебно за нас е значајно за синдикатите, за Владата и за локалната самоуправа, а тоа е поттикнување на вработувањето – истакна за медиумите претседателот Митревски.

Заедничкото дејствување на локалните власти и социјалните партнери може да разреши многу значајни и приоритетни локални предизвици кои индиректно влијаат и на состојбите на национално ниво, рече министерот Спасов.

Зборувајќи за социјалниот дијалог на национално ниво Спасов истакна дека во изминатиот период Владата заедно со социјалните партнери вложи огромни напори за обезбедување ефикасен и функционален социјален дијалог. Социјалниот дијалог на национално ниво се одвива преку работата на Економско-социјалниот совет кој служи како форум за трипартитни консултации меѓу Владата и социјалните партнери, синдикатите и организациите на работодавачи за економски и социјални прашања, како и прашања од областа на трудот чија работа покажа дека е од огромно значење за економската и социјалната сфера. Токму затоа во континуитет се работеше на јакнење на капацитетите на социјалните партнери и тоа преку реализирање на многу обуки, семинари, работилници, конференции исклучиво за нивни потреби. Веќе е воспоставен партнерски пристап за многу прашања од економската и социјална сфера, како што се подготовка на закони и стратегиски документи. Следејќи ги искуствата и сознанијата во меѓународната пракса, социјалниот дијалог во земјата треба да биде важен инструмент и механизам во креирањето и имплементирањето на политиките и мерките во областа на економската и социјална сфера, заклучи Спасов.

Да користиме искуства, да користиме веќе воспоставени активности и норми, каде што сето тоа ќе влијае врз еден функционален напредок, функционален развој на економско социјалниот амбиент во општина Ресен, рече градоначалникот на Ресен м-р Ѓоко Стрезовски.

# УСПЕШНО ЗАВРШЕНИ АКТИВНОСТИТЕ НА СИНДИКАТОТ И МЕНАЏМЕНТОТ НА ЈП "МАКЕДОНСКИ ШУМИ"

Со законските прописи е решен проблемот на долгувањата на Јавното претпријатие "Македонски шуми". Претворањето на долгувањата во траен влог значи елиминирање на огромниот проблем што со години го притискаше претпријатието. Се отвораат широки можности и перспективи, меѓутоа треба да се знае следното: отсега пред нас е нов старт и треба да се свртиме кон иднината.




***Добиениот бенефит е резултат на догогодишната упорност на двата социјални партнери***

Ова го соопштија генералниот директор на "Македонски шуми" Жарко Караџоски и претседателот на ССМ д-р Живко Митревски, на седницата на Претседателството на Синдикатот на работниците од шумарството, дрвна индустрија и енергетика. Седницата се одржа на 6 септември и беше проширена со претседателите на синдикалните организации на подружниците и со четворица членови на Менаџерскиот тим на "Македонски шуми".

Станува збор за долг од преку 46 милиони евра, создаден по основ на ДДВ, придонеси, кредити, камати и разни други долгувања, информираше директорот Караџоски. На 29 август е донесен Законот за траен влог, кој за осум дена стапува на сила. Владата, односно државата, ова го направија за да ни помогнат. Меѓутоа, отсега натаму ќе мора да одиме со нов старт, со менување на навиките и со свест дека ќе добиваме онолку колку што ќе произведеме. Сега долговите се нула, но не смееме да дозволиме повторно да се доведеме до иста ситуација.

Синдикалците беа информирани за неопходноста од поголема одговорност на сите вработени

Со години траат залагањата на двата социјални партнери за решавање на наследените проблеми во ЈП и со наша упорност огромниот проблем е решен, рече претседателот Митревски. Тој предупреди дека е добиен огромен бенефит, но треба да се работи на дисциплината и одговорноста. Успеавме да го задржиме бројот на вработени, и воопшто настојуваме да го одржуиме ветувањето дека нема да има отпуштања и дека и понатаму ќе настојуваме да ги прошириме правата на работниците во Општиот колективен договор за стопанство.

Митревски и Караџоски нагласија дека во претпријатието се шират секакви дезинформации и гласини, што придонесува за намалената дисиплина и производство. Тие известија дека за промената сите подружници ќе бидат информирани, со тоа што Синдикатот за шумарство по своја линија ќе ги информира своите синдикални организации.

На седницата исто така беше објаснето дека измените во Законот за шуми се во функција на решавање на нелегалните дејства во експлоатацијата на шумите, бесправната сеча и другите негативни појави, што доведува до нелојална конкуренција на јавното претпријатие. Караџоски исто така нагласи дека постојат проекти за нови инвестиции во јавното претпријатие.

Претседателот Митревски ги информираше присутните за потврдената репрезентативност на Синдикатот на работниците од шумарството, дрвна индустрија и енергетика.

# ПРВА СИНДИКАЛНА ШКОЛА НА САМОСТОЈНИОТ СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД ЕНЕРГЕТИКА И СТОПАНСТВО НА РМ




***Учесниците беа информирани за одлуката за формирање Центар за обука и едукација***

Во рамките на Синдикалните спортски игри, што во Охрид на 30 и 31 август ги одржува Самостојниот синдикат на работниците од енергетика и стопанство на Република Македонија (ССЕСМ), се одржа Првата синдикална школа на овој синдикат, на тема "Менаџирање на синдикална организација".

Во рамките на предавањата се дискутираше за синдикалното лидерство и притоа беше разработен првиот модул за менаџирање на синдикалната организација.

Школата ја отворија претседателот на ССЕСМ Роберт Симоноски и претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија д-р Живко Митревски, кој зборуваше за едукативниот концепт и за донесената Одлука за формирање на Центарот за обука и едукација.

Обуката на школата ја реализираа д-р Константин Петковски и м-р Анета Мајсторова Ивановска.

## ЧЕСТИТКИ ПО ПОВОД ДЕНОТ НА НЕЗАВИСНОСТА

Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија д-р Живко Митревски по повод Осми септември, Денот на независноста на Република Македонија, упати честитки до претседателот на државата Ѓорѓе Иванов, претседателот на Собранието Трајко Вељановски и претседателот на Владата Никола Груевски.

Обраќањето гласи:

*Во името на Сојузот на синдикатите на Македонија и во мое име, со особена чест Ви упатувам најискрени и срдечни честитки по повод 8 Септември, Денот на независноста на Република Македонија.*

*Сојузот на синдикатите на Македонија, како организација на работниците која повеќе од еден век ги брани, ги застапува и се бори за унапредување на правата од работа и интересите на македонските работници, во своето дејствување и во натамошниот период ги поддржува активностите на сите субјекти кои одат во прилог на развој на севкупните демократски процеси во државата, европските и НАТО интеграциските процеси, како и сите оние активности насочени кон подобрување на социјално - економската положба на граѓаните и работниците во Република Македонија.*

*Во оваа насока, нашата определба останува и натаму дека само со почитување на вредностите на трудот, преку развој на социјалниот дијалог и постигнување консензус, со демократизација на вкупните општествени односи, со продолжување по патот на процесите за приклучување во големото европско семејство, ќе придонесуваме за натамошен просперитет на Република Македонија.*

## ЧЕСТИТКА ДО СИНДИКАТОТ НА ИНДУСТРИЈА, ЕНЕРГЕТИКА И РУДАРСТВО ПО ПОВОД ДЕНОТ НА РУДАРИТЕ

*По повод Денот на рударите 28 август претседателот на ССМ д-р Живко Митревски испрати честитка до Синдикатот на индустрија, енергетика и рударство, во која се вели:*

*Од името на Сојузот на синдикатите на Македонија и од мое лично име Ви упатувам срдечни честитки, со желба за натамошно подобрување на условите за работа и материјално-социјалната положба на рударите во Република Македонија.*

*Сојузот на синдикатите на Македонија во својата стратегија за дејствување секогаш се води од Уставното право на граѓаните на Република Македонија да живеат од својот труд на достоинствен начин, да ја обезбедуваат својата и егзистенцијата на своите семејства во услови кои го гарантираат тоа. Се залагаме на рударите, пред сé, да им се обезбедат безбедни и здрави услови за работа и да бидат заштитени од ризиците на работните места кои претставуваат опасност по нивното здравје и живот.*

*Сојузот на синдикатите на Македонија и синдикатите здружени во ССМ, впрочем, со своето дејствување во континуитет успеваат да ја подобрат материјално-социјалната положба на вработените во овие сектори и да се изборат за остварување на нивните права врз основа на обезбедување на заедничка соработка, солидарност како стратешка определба на ССМ и здружените синдикати во ССМ.*

# РЕГИОНАЛНИ СИНДИКАЛНИ ПРЕТСТАВНИШТВА И СИНДИКАЛНИ КАНЦЕЛАРИИ

РСП КУМАНОВО. Остварени се повеќе средби со работници и со синдикални организации околу конкретни проблеми. На почетокот на месец јули одржан е состанок со претседателот на Синдикалната организација на "Полпласт" во Куманово, околу регулирање на некои технички односи со раководството.

Целта на посетата живинарската фарма "Живајајце" во село Гиновце", на која присуствуваше претседателот на АГРО Синдикатот Живко Даневски, беше неисплатена плата и основање синдикална организација. После некое време е формирана синдикална организација, на која за претставник е избран Зоран Денковски.

Посебно бројни беа ангажманите околу "ТТК Куманово". За ова претпријатие се води стечајна постапка, додека судот го одби барањето на синдикатот за именување негови членови во Одборот на доверители. Одржано е судско рочиште, додека следното, на кое ќе присуствува и РСП, е закажано за 12 септември. Сеедно се одржуваат интензивни ангажмани со стечајниот управник за доуредување на побарувањата на вработените, додека РСП организира собир со околу 300 вработени од комбинатот.

РСП ПРИЛЕП. Голем број средби со синдикалните организации во прилеп, Крушево и Македонски Брод. Во координација со СГИП се превземаат активности за заштита на вработените во АД "Мермерен комбинат" - Прилеп, каде се забележани нови отпуштања. За "Мермерен комбинат" исто така е започната постапка за усогласување ан систематизацијата на работните места, со барање за точно определување на бенефицираниот стаж.

РСП ОХРИД. Во текот на јули и август се реализирани повеќе средби во работни средини за синдикално организирање, односно основање синдикални организации. За оваа цел се одржани два состанока во АД "Лихнида", со директорот и претставник на Правната служба, потоа во хотелот "Ривиера" и со вработените во единицата на Министерството за финансии – имотноправни односи и во "Црвен крст" – Охрид.

На средбата со Синдикалниот одбор на СО на ПШС "Галичица" се расправаше за надоместоците за регулирањето на прашањата за платите, јубилејните награди, теренските додатоци и дневниците.

Застапувани се правата на вработените во претпријатието во стечај АД "ЕМО" – Охрид на средбата со стечајниот управник.

Со претседателот на СИЕР Пеце Ристески одржана е средба во Синдикалниот одбор на ЛТХ "Леарница", на која се разговараше за колективен договор на ниво на работодавач, за солидарниот фонд и за други прашања.

Заедно со претседателот на СУТКОЗ Зоран Георгиевски и со координаторот на Синдикалната канцеларија во Струга Радован Ивановски одржан е состанок со претседателите на синдикалните организации на ЈП "Водовод" – Охрид и "Водовод" – Струга.

Повеќе пати е инервенирано со раководството на во МЈП "Проаква" – Охрид околу тамошните проблеми, меѓу кои се неисплатени плати и придонеси, како и за колективен договор на ниво на работодавач.

СК СВЕТИ НИКОЛЕ. Одржувани се постојни консултации со вработени во претпријатијата од градот за остварување на нивните права. Констатирано е дека кај новите договори за вработување во МИК "Свети Николке" има проблем, затоа што договорите не се усогласени со Колективниот договор на АГРО Синдикатот. Со присуство на претседателот на АГРО Синдикатот Живко Даневски и член на Претседателството на АГРО Синдикатот одржан е состанок со вработените, што резултираше со зачленување на осум вработени.

Активностите за нови зачленувања во претпријатијата од светиниколскиот регион се одвиваат во координација со секретарот на РСП Велес Себо Шаќиров и со претседателите на гранските синдикати.

Со претседателот на СУТКОЗ Зоран Георгиевски е одржан работен состанок во СО на "Јавното претпријатие за погребални услуги".

РСП СКОПЈЕ. Одржани се средби во "Јавното претпријатие за државни патишта" и во "КПД" - во Скопје, на барање на синдикатот УПОЗ, околу утврдувањето на репрезентативноста и разговори за други синдикални активности.

Иницијативи за основање синдикални организации се реализирани во Здружението "Триосоми 21" и во "Заводот за испитување градежни материјали".

РСП ТЕТОВО. Консултации со група вработени од АД "Полет" – Тетово, околу побарувања по основа неисплатени плати и придонеси во стечајната постапка. Иако судот ја има заклучено стечајната постапка вработените и понатаму се застапуваат за остварување на нивните права.

По одобрение на Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита дадена е правна помош на група на десет вработени од "Здравствен дом" – Тетово, за кои се изготвени жалби до Министерството за здравство, Државниот трудов инспекторат и работодавачот.

Правна помош, по барање на СУТКОЗ, околу прераспределување на работник на пониско работно место. Како член на синдикалните органи лицето има посебна заштита за време и после две години од истекот на мандатот.

СК ГОСТИВАР. Правна помош на вработен во "ТППЕ" – Гостивар поради неисплатен годишен одмор.

СК КИЧЕВО. Со претседателот на УПОЗ Пецо Грујовски остварена се средби со претседателите на синдикалните организации во Основниот суд во Кичево, Фондот за здравство, Локалната самоуправа и ДИК, со цел зачленување нови членови.

Активности во ЈКП "Комуналец" – Кичево за зачленување нови членови.

СК ГЕВГЕЛИЈА. Избран е нов синдикален претставник на СО во "Агенцијата за катастар и недвижности" – Гевгелија. На средбите во синдикалните организации на Локалната самоуправа, на Подрачната единица на Фондот за здравство и "Казнено – поправната установа" е констатирано дека нема интерес за проширување на членството. Во Основниот суд во Гевгелија одреден број вработени се изјасниле дека се заинтересирани за повторно пристапување кон синдикатот.

Дадени се правни совети на петмина членови на ГИФИХ, во врска со неисплатени плати и придонеси.

КОНТАКТ
Благојче Крстевски, стручен соработник за информирање на ССМ
тел/факс ++ 389 2 3225-937 e mail: b. krstevski@ssm.org.mk